РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 08-4032/2
19.10 2022 год
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 2 од Правилникот за утврдување на постапката за прибирање и разгледување на предлог- активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година, донесен од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка,бр.08-4032/1 од 18.10.2022 година, Општина Крива Паланка објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за прибирање предлог- активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година**

Со цел унапредување и развој на културата во Општина Крива Паланка ,како и успешна реализација на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2023 година, се повикуваат сите јавни установи, здруженија, фондации и други правни лица кои имаат регистрирана дејност од областа на културата да пројават интерес на овој јавен повик, исполнувајќи ги следниве услови:

## 1. Критериуми

Како подносители на предлог-активности за организирање на културни манифестации во Општина Крива Паланка за 2023 година можат да се јават: јавни установи, здруженија, фондации и други правни лица кои имаат регистрирана дејност од областа на културата, а кои ги исполнуваат следните критериуми:

- да се регистрирани како јавна установа, здружение на граѓани, фондација и други правни лица кои имаат регистрирана дејност од областа на културата, согласно законот и истите да се со седиште на територија на општина Крива Паланка како матична општина;
- да придонесуваат за збогатување на културниот живот во општината;
- да придонесуваат за зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Крива Паланка;
- да го поттикнуваат и афирмираат локалното творештво на локалните уметници;
- да се грижат за унапредување на соживотот меѓу заедниците;
- да обезбедат континуитет на традиционалните културно- уметнички манифестации кои се од локален карактер;

## 2. Потребна документација

Подносителите на барања потребно е да доставaт:

- барање со основни информации за подносителот (име на организацијата, адреса, телефонски број, е- маил адреса, лице за контакт), краток опис на организацијата, предлог-активност за конкретна манифестација, опис на активностите кои ќе се преземат и придонесот од наведената манифестација, потребен буџет како и опис на потребите од буџетот;
- доказ за регистрација за вршење на дејност од областа на културата со седиште на територија на општина Крива Паланка ( тековна состојба од Централен регистар)

3. **Рок и начин на доставување на барањата**

Јавниот повик ќе биде објавен на официјалната веб страна на Општина Крива Паланка www.krivapalanka.gov.mk ќе трае 15 дена од денот на објавувањето.

Барањата со целокупната документација се доставуваат во писмена форма до општинската архива со назнака „До Општина Крива Паланка, Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија , за Јавен повик од областа на културата“

Барањата кои ги исполуваат условите, а кои ќе бидат од најголем интерес за развој и унапредување на културата во градот, ќе бидат дел од Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во обласата на културата и културните манифестации за 2023 година.

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски